РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Бр./Nr 12-2746/4
14-07-2023 г./v.

Врз основа на член 31 став (1) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на РМ" број 12/2019) и член 48 став (4) од Деловникот за работа на ДКСК, Државната комисија за спречување на корупцијата донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за отпочнување на постапка за испитување на финансирањето на политичка партија**

1. Да се отпочне постапка за испитување на финансирањето на политичката партија ------------------------.
2. Ова Решение заедно со иницијативата за отворање на предмет да се достави до политичката партија ------------------------, заради изјаснување по наводите, во рок од 15 дена од денот на доставувањето.
3. Решението влегува во сила на денот на неговото донесување.

**Образложение**

До Државната комисија за спречување на корупцијата доставени се новинарски прашања, кои се однесуваат на финансирањето на политичката партија ------------------------------, а се поврзани со донација добиена од физичко лице.

Согласно член 31 став (1) од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, во случај на сомневање за незаконито финансирање на политичка партија, Државната комисија за спречување на корупцијата по сопствена иницијатива или по иницијатива од државни органи, политички партии или здруженија и фондации кои работат во областа на спречување на корупцијата, владеење на правото или доброто управување може да донесе решение за отпочнување на постапка за испитување на финансирањето на политичката партија.

По добиените новинарски прашања, Државната комисија на состанок на колегиум одржан на ден 06.06.2023 година, донесе заклучок да се отвори предмет по сопствена иницијатива по допрен глас, заради испитување на финансирањето на политичката партија ---------------------, а во однос на примените донации за 2022 година.

Согласно член 15 став (1) од Законот за финансирање на политичките партии („Службен весник на Република Македонија" бр. 76/2004, 86/2008, 161/2008, 96/2009, 148/2011, 142/2012, 23/2013 и 140/2018 и „Службен весник на Република

Северна Македонија“ бр. 294/2020), политичките партии можат да примаат донации во вид на пари, материјални средства или услуги.

Согласно член 16 став (1) од истиот закон, вкупниот износ на поединечна донација не смее да ја надмине сумата од 60 просечни плати од правни лица и 30 просечни нето плати од физички лица во Републиката, исплатени во претходниот месец и објавени од Државниот завод за статистика. Овој износ не смее да биде кумулиран повеќе од еднаш годишно.

Став (2) од истиот член утврдува дека ако висината на донацијата е поголема од износот утврден во член 16 став (1) од истиот закон, политичката партија не смее да ја користи и е должна веднаш, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на добивањето на донацијата, разликата меѓу дозволената и донираната вредност да ја врати на донаторот.

Според став (3) од истиот член, ако не може да се утврди потеклото на донацијата, политичката партија е должна веднаш, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на добивањето на донацијата, донираната вредност да ја префрли на Буџетот на РСМ.

Со цел обезбедување на потребните податоци и информации, потребни за испитување на финансирањето на политичката партија од точка 1 на диспозитивот на ова решение, Државната комисија го обезбеди Годишниот извештај за донации на политичката партија ------------------- за 2022 година од -----.2023 година, кој е јавно објавен.

Извештајот содржи податоци за примени донации од правни и физички лица, во вкупен износ од ----------,00 денари. Притоа, под реден број -- евидентирана е донација примена од лицето ----------------, во вкупен износ од -------------,00 денари, што претставува износ над висината на износот утврден во член 16 од Законот за финансирање на политичките партии.

Поради горенаведеното, а согласно член 31 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и член 48 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, се донесе решение како во диспозитивот.

По заклучок на ДКСК

Изработил: м-р К.З.
Одобрил: м-р Ш.С

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**